# I ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Методологијата и планирањето на монетарните агрегати се прашања на кои актуелната (современа) економска теоретска мисла и практика посветуваат посебно внимание, од аспект на нивното значење при конципирањето на монетарно - кредитната политика, односно макроекономската политика, на земјата во целост.

Парите и кредитот, алиментирањето на процесот на општествената репродукција со потребната количина пари, впрочем и активното дејствување на тој процес врз монетарниот фактор, од една страна, а од друга избегнувањето на можноста за подлабоки нарушувања во смисла на инфлациони, односно дефлациони влијанија, го актуелизираат прашањето за планирање на паричните и кредитните текови во еден поширок контекст.

Не можеме да се отргнеме од сознанието дека, иако овој феномен сеопфатно е истражуван, не е сосема овладеан и не е можно да се стави под целосна контрола на монетарните власти, односно државата.

Тоа е уште една потврда дека оваа област отвора широки можности за студиозни приоди, имајќи ги предвид проблемите на монетарната економија и нивниот одраз врз целокупното стопанство, како и потребата за нивно практично разрешување и

аплицирање.

Целта што ја поставивме при изработката на докторската дисертација е насочена, пред се, кон истражување на теоретските аспекти и искуства во врска со методологијата и планирањето на монетарните агрегати во современите економии, а истовремено извршивме и емпириски истражувања на оваа проблематика кај нас во периодот 1975 - 1989 год., како време значајно за целокупниот општествено - економски развиток на нашата заедница, во кое беа извршени институционални и општествено - економски промени.

Поаѓајќи од претходнонаведеното, материјата што ќе биде изложена, преку овој труд ќе биде обработена во седум тези.

Првата и седмата теза ги опфаќаат воведните разгледувања и општиот заклучок што ќе го извлечеме врз основа на нашите испитувања.

Имено, во втората теза - Потреба од користењето на методологијата за планирање на монетарните агрегати - правиме краток осврт на специфичностите на финансиското планирање кое, како механизам, овозможува успешно насочување на финансиските текови во услови на неефикасен финансиски пазар и коешто е нужна компонента на економското планирање. Институционалните промени во системот, во смисла на пазарната ориентираност на економијата, сметаме дека дадоа уште поголема нагласка на финансиското планирање.

Затоа и денес се чувствува потребата од регулирање на

системските прописи од оваа област, во смисла на изградување комплексно финансиско планирање, што би значело и задоволување на други претпоставки неопходни за да може тоа да одговори на поставената задача: - усогласување на реалните и финансиските категории во планот.

Исто така, го елаборираме и прашањето на монетарното планирање, како компонента на стопанското планирање, поаѓајќи од реалноста дека кај нас тоа има дведецениска традиција и е во фаза на изградување, како воопшто и системот на општественото планирање, кој во досегашниот период на развој не успеа да заживее и функционира во вистинската смисла на зборот. Плановите, што со години наназад се носеа, беа повеќе списоци на желби, зашто не ги респектираа реалните можности на југословенската економија и не беа адаптибилни.

Во услови на недоволно развиен систем на општествено планирање, планирањето на монетарните агрегати сметаме дека беше повеќе одраз на желбите, отколку на вистинските можности, така што тие не ја одиграа својата улога во смисла на оптимално напојување на општествената репродукција со пари. Сепак, во периодот што следи, планирањето на монетарните агрегати мора да биде значајна компонента на монетарното планирање, доколку се сака да се постигне усогласеност на реалните со финансиските текови.

Методологиите на монетарните агрегати во современите стопанства, во социјалистичките земји и кај нас ги обработуваме

снабденоста на тековите на репродукцијата со пари.

Анализата што ја извршивме во петтата теза го претставува соодносот на монетарните и реалните фактори. Барајќи го влијанието на монетарните фактори врз стабилноста (нестабилноста) на стопанските движења, за периодот 1975 - 1989 год., во развиените земји на Запад и во нашата земја ја обезбедуваме основата за давање предлог - модел на методологијата за планирање на монетарните агрегати, во услови на пазарна економија.

*

* *

Периодот од 1975 - 1989 год. е земен за разгледување од причини што точно во ова време се отпочна со индикативното преориентирање на економската политика, насочено кон решавањето на глобалните проблеми и менувањето на филозофијата на стопанскиот систем.

Определбите за пазарно стопанство, во последниве неколку години, доведоа до преиспитување на пазарните механизми, конкуренцијата и рационалното економско однесување. Во центарот на вниманието е генералната стратегија што налага разрешување на одделни многу битни прашања, како што се (за нас интересната) емисија на пари и хартии од вредност, развивањето

на пазарот на пари и планирањето на монетарните агрегати.

Долгогодишната економска криза ги исцрпи сите ресурси и не доведе во состојба да изнаоѓаме сили и можни резерви за надминување на постојната ситуација. Кризата не доведе до работ на провалијата од која со исклучителни напори се обидуваме да спречиме во неа да не втурне инфлацијата или распаѓањето на целокупниот стопански и општествен систем.

Пишуван во такви услови овој труд, до финализацијата, ги елаборираше проблемите на глобален план, во услови на инфлаторен тренд, неповолни стопански перформанси, рестрективна монетарно -кредитна политика и оживување на автархичните тенденции во републиките на веќе истоштената Југославија. Во меѓувреме дојде до радикални промени што респондираа на мерките на економската политика. Па, така, од таканаречената договорна економија се определивме за пазарно ориентирано стопанство, за плурализам во сопственичките односи, за конституирање нови држави од постојните ЈУ - републики, за блокади и граѓанска војна, за радикално свртување од заедништвото кон самостојност и независност.

Во новонастанатите услови не можеше да станува збор за единствен монетарен систем и за планирање на паричната маса на сојузно ниво. Од неодамна веќе две републики, Словенија и Хрватска, воведоа свои парични единици и не учествуваат во платниот промет на замјата, односно не ги доставуваат соодветните билансни податоци.

Распаѓањето на макроекономската политика го маргинализира прашањето за конципирање единствена монетарна политика, зашто со валутното осамостојување, сам по себе, се наметна проблемот на меѓусебните плаќања, односно проблемот на платниот промет во земјата, како и креирањето на паричната маса преку се уште централниот банкарски систем. Во републиките во кои динарот се уште е платежно средство, за креирање на паричната маса се користи досега употребуваната методологија.

Со цел да се опфати и комплексот на прашањата во врска со планирањето, формирањето и контролата на монетарните агрегати и пошироко на монетарниот систем на Република Македонија, во трудот е поместена нова **VI** глава, односно е направен обид за приспособување на дисертацијата на сегашните состојби и карактеристики на стопанскиот систем што егзистира во Републикава.

Во тој контекст, кога беа донесени основните документи со кои отпочна конституирањето на Македонија како самостојна суверена држава, со цел да се опфатат прашањата на монтарните агрегати и нивното креирање ја осовременивме тезата, со што понудивме предлог модел на методологија на монетарните агрегати во Републиката.

Почетните размислувања ги насочивме кон југословенската методологија (што претходно беше образложена) сметајќи дека во услови на конституирање на системот е неопходно решение за во наредниот период да се може се гради современ концепт на

методологија за планирање на монетарните агрегати, по примерот на економски развиените земји во светот.

Поаѓајќи од фактот дека темата елаборира поширок спектар на монетариите, мислиме дека конкретизирањето на оваа проблематика на потесното републичко ниво ќе ги задоволи критериумите што ги бара изработката на труд од ваков вид.

Со заокружување на процесите на осамостојување и независност, секако ќе произлезат и институционалните рамки на општествено - економскиот систем, во кои ќе мора да заживеат и низа системски закони, сврзани, во прв ред, за монетарниот, кредитниот и банкарскиот систем. Можните пласмани на Народната банка на Република Македонија ќе зависат од оценките на вкупните состојби во стопанството, од побарувачката на пари, од заживувањето на пазарот на пари и капитал и сл. Но, сето тоа ќе биде еволутивен процес во кој ќе треба да изградиме сопствен монетарен систем, сопствена макроекономска политика. Стекнатите искуства од досегашното заедничко живеење, грешките на економски план, а пред се отстапувањата од развојните можности, ќе ни послужат како основа за подготвување на идните текови на развој. Ефектите треба да се очекуваат на подолг рок, зашто стагнирањето во економското окружување во сите сфери иницира разновидни нарушувања во агрегатната побарувачка, инфлаторното финансирање на дефицитот на пари, бројни недоследности и неконзистентности во економската политика, социјализирање на девизното штедење, курсни разлики, разлики во каматната

политика и тн. Негативните последици, што веќе ги чувствуваме, и нивното надминување, со предлог - моделот за креирање на паричната маса на ниво на Република, се само прагматичен придонес за решавање на еден од многу сложените проблеми на монетариите.

Сестраното и подлабоко посматрање на оваа проблематика секако, ќе биде наша натамошна преокупација, па затоа во нашите заклучни разгледувања даваме конкретни одговори на прашањата што бараат итна разврска.